Јавно претпријатие за водоснабдување
СТУДЕНЧИЦА - Кичево
Примено - 08.04.2019
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
05 | 960/1

# - ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ СТУДЕНЧИЦА КИЧЕВО -

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2018 ГОДИНА

Прилеп, април 2019

## *С о д р ж и н а :*

| | стр. |
|---|---|
| **Извештај на независниот ревизор** | **1-2** |
| **Финансиски извештаи** | |
| Извештај за финансиската состојба | **4** |
| Извештај за сеопфатна добивка | **5** |
| Извештај за промени во главнината | **6** |
| Извештај за паричните текови | **7** |
| Белешки кон финансиските извештаи | **8** |

**Додатоци**

Додаток 1 – Законска обврска за составување на Годишна сметка и Годишен извештај за работењето

Додаток 2 – Годишна сметка (Извештај за финансиска состојба, Извештај за добивка или загуба и Извештај за сеопфатна добивка)

Додаток 3 – Годишен извештај за работењето

**ПЕРК РЕВИЗИЈА**
Пелагониска Ревизорска Куќа
ул. „Драган Димески“ бр. 19/А
7500 Прилеп
Република Северна Македонија
П. фах: 256
телефон/факс:++389(0)48 413-856
мобилен: 070/208-138
web: http:/www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До**
**Јавно претпријатие за водоснабдување**
**СТУДЕНЧИЦА Кичево**
Бул. „Ослободување“ бр. 60 А/1-1
6250, К и ч е в о

## Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Јавното претпријатие за водоснабдување **Студенчица** Кичево (во понатамошниот текст: Претпријатието), коишто ги вклучуваат Извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2018 година, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината, Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

## Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи

Менаџментот на Претпријатието е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување без разлика дали се резултат на измама или грешка.

## Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Претпријатието за да обликуваат ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не и за целта за изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Претпријатието.

Ревизијата, исто така, вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## Мислење

Според нашето мислење финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното претпријатие за водоснабдување **Студенчица** Кичево на 31 декември 2018 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

## Нагласување на прашање

Ние обрнуваме внимание на белешка 23 приложена кон финансиските извештаи која ја опишува несоодветноста во прикажувањето на основната главнина прикажана во Извештајот за финансиската состојба (во износ од 441.452 илјади денари) на претпријатието, со онаа прикажана во Тековната состојба. Имено во Тековната состојба нема евидентирано основна главница од причини што претпријатието е во постапка на обезбедување на основна документација - докази за евидентрирање на оваа главнина во Тековната состојба при Централниот регистар на Република Северна Македонија. Нашето мислење не е квалификувано во однос на ова прашање.

## Извештај за други правни и регулативни барања

Менаџментот на Претпријатието е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работењето во согласност со член 11, член 19 и член 27 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38//96 ... 64/18) и во согласност со член 352, член 384 и член 469 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04 ... 239/18). Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10 ... 83/18) е да известиме дали годишниот извештај за работењето е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2018 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работењето е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работењето се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работењето е конзистентен од сите материјални аспекти со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Јавното претпријатие за водоснабдување **Студенчица** Кичево за годината која завршува на 31 декември 2018 година.

П р и л е п, 03.04.2019 година

Овластен ревизор

Пецко Ристески

**Пелагониска Ревизорска Куќа**
ДОО П р и л е п
Управител

Пецко Ристески

Ревизијата, исто така, вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## Мислење

Според нашето мислење финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното претпријатие за водоснабдување **Студенчица** Кичево на 31 декември 2018 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

## Нагласување на прашање

Ние обрнуваме внимание на белешка 23 приложена кон финансиските извештаи која ја опишува несоодветноста во прикажувањето на основната главнина прикажана во Извештајот за финансиската состојба (во износ од 441.452 илјади денари) на претпријатието, со онаа прикажана во Тековната состојба. Имено во Тековната состојба нема евидентирано основна главница од причини што претпријатието е во постапка на обезбедување на основна документација - докази за евидентрирање на оваа главнина во Тековната состојба при Централниот регистар на Република Северна Македонија. Нашето мислење не е квалификувано во однос на ова прашање.

## Извештај за други правни и регулативни барања

Менаџментот на Претпријатието е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работењето во согласност со член 11, член 19 и член 27 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38//96 ... 64/18) и во согласност со член 352, член 384 и член 469 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04 ... 239/18). Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10 ... 83/18) е да известиме дали годишниот извештај за работењето е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2018 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работењето е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работењето се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работењето е конзистентен од сите материјални аспекти со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Јавното претпријатие за водоснабдување **Студенчица** Кичево за годината која завршува на 31 декември 2018 година.

П р и л е п, 03.04.2019 година

Овластен ревизор
Пецко Ристески

Пелагониска Ревизорска Куќа
ДОО Прилеп
Управител
Пецко Ристески

**Финансиски извештаи**
**за годината завршена на 31.12.2018 година,**
**во согласност со барањата на**
**сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија**
**за Јавното претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Кичево**

- ✓ **Извештај за финансиската состојба**
- ✓ **Извештај за сеопфатна добивка**
- ✓ **Извештај за промени во главнината**
- ✓ **Извештај за паричните текови**

Овие финансиски извештаи се одобрени и потпишани од Директорот Урим Ахмеди и од одговорниот сметководител Александар Петрески, а се усвоени од Управниот одбор на Претпријатието со Одлука број 02-387/1-4/1 од 27.02.2019 година.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА

на ЈП Студенчица Кичево

за годината завршена на 31 декември 2018 година

| | Белешки | 31 декември 2018 во (000) МКД | 31 декември 2017 во (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 19 | 12,094 | 11,202 |
| Материјални средства | 20 | 217,811 | 227,711 |
| Вложувања во недвижности | | - | - |
| Долгорочни финансиски средства | | - | - |
| Долгорочни побарувања | | - | - |
| **Вкупно нетековни средства** | | **229,905** | **238,913** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 21 | 952 | 670 |
| Побарувања од поврзани друштва | | - | - |
| Побарувања од купувачи | 22 | 78,743 | 79,547 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | | - | - |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акциза и за останати давачки кон државата (претплати) | 22 | - | 110 |
| Побарувања од вработените | 22 | - | 9 |
| Останати краткорочни побарувања | | - | - |
| Краткорочни финансиски средства | 22 | 40,000 | 40,000 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 23 | 33,085 | 25,735 |
| Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР) | 22 | 110 | 58 |
| **Вкупно тековни средства** | | **152,890** | **146,129** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **382,795** | **385,041** |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Главнина и резерви** | 24 | | |
| Основна главнина | | 441,452 | 441,452 |
| Премии на емитирани акции | | - | - |
| Ревалоризациска резерва | | - | - |
| Резерви | | - | - |
| Акумулирана добивка | | - | - |
| Пренесена загуба (-) | | (64,497) | (39,797) |
| Добивка/Загуба за деловната година | | 4,643 | (20,021) |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **381,598** | **381,634** |
| **Долгорочни резервирања за ризици и трошоци** | | - | - |
| **Долгорочни обврски** | | - | - |
| **Одложени даночни обврски** | | - | - |
| **Тековни обврски** | 25 | | |
| Обврски спрема поврзани друштва | | - | - |
| Обврски спрема добавувачи | | 150 | 140 |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | | - | - |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и надомести на плата | | 25 | 777 |
| Обврски кон вработените | | - | 1,573 |
| Тековни даночни обврски | | 841 | 769 |
| Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва | | - | - |
| Обврски по заеми и кредити | | - | - |
| Обврски по основ на учество во резултатот | | - | - |
| Останати финансиски обврски | | - | - |
| Останати краткорочни обврски | | 180 | 150 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди | | - | - |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1,196** | **3,408** |
| **Вкупно обврски** | | **1,196** | **3,408** |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **382,795** | **385,041** |

**ЈП Студенчица**
Директор
Урим Ахмеди

**Финансиски извештаи за 2018 година**
Белешките се составен дел на финансиските извештаи

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

на ЈП Студенчица Кичево

за годината завршена на 31 декември 2018 година

| | Белешки | 31 декември 2018 во (000) МКД | 31 декември 2017 во (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Приходи од работењето** | | **60,105** | **47,040** |
| Приходи од продажба | 4 | 57,513 | 43,811 |
| Останати приходи | 5 | 2,593 | 3,230 |
| **Промена на вредноста на залихи на готови производи и на недовршено производство** | | - | - |
| Капитализирано сопствено производство и услуги | | - | - |
| **Расходи од работењето** | | **55,576** | **67,684** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 6 | 2,409 | 1,748 |
| Набавна вредност на продадени стоки | | - | - |
| Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | | - | - |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 7 | 995 | 983 |
| Останати трошоци од работењето | 8 | 4,296 | 4,019 |
| Трошоци за вработените | 9 | 29,509 | 34,077 |
| Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 10 | 18,302 | 18,058 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 11 | - | 8,742 |
| Резервирања за трошоци и ризици | | - | - |
| Останати расходи од работењето | 12 | 65 | 57 |
| **Финансиски приходи** | **13** | **757** | **931** |
| **Финансиски расходи** | **14** | **16** | **308** |
| **Удел во загубата/добивката на придружените друштва** | | - | - |
| **Добивка/Загуба од редовното работење** | **15** | **5,271** | **(20,021)** |
| Нето добивка/загуба од прекинати работења | | - | - |
| **Добивка/Загуба пред оданочување** | **15** | **5,271** | **(20,021)** |
| Данок на добивка | 16 | 628 | |
| Одложени даночни приходи/расходи | | - | - |
| **Нето добивка/загуба за деловната година** | **17** | **4,643** | **(20,021)** |
| Останата сеопфатна добивка | | - | - |
| Останата сеопфатна загуба | | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка (загуба) за годината** | **18** | **4,643** | **(20,021)** |
| Сеопфатна добивка (загуба) којашто им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво | | - | - |
| Сеопфатна добивка (загуба) којашто им припаѓа на неконтролираното учество | | - | - |

**ЈП Студенчица**
Директор
Урим Ахмеди

**Финансиски извештаи за 2018 година**
Белешките се составен дел на финансиските извештаи

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА

на ЈП Студенчица Кичево

за годината завршена на 31 декември 2018 година

| ОПИС | Состојба на 31 декември 2017 година (во 000 МКД) | Зголемување (во 000 МКД) | Намалување (во 000 МКД) | Состојба на 31 декември 2018 година (во 000 МКД) |
|---|---|---|---|---|
| Основна главнина | 441,452 | - | - | 441,452 |
| Ревалоризациона резерва | - | - | - | - |
| Резерви | - | - | - | - |
| Акумулирана добивка | - | - | - | - |
| Пренесена загуба | (39,797) | - | (24,699) | (64,497) |
| Дивиденди | - | - | - | - |
| Добивка / Загуба за финансиската година | (20,021) | 24,664 | - | 4,643 |
| **Вкупно главнина и резерви** | **381,634** | **24,664** | **(24,699)** | **381,598** |

**ЈП Студенчица**
Директор
Урим Ахмеди

**Финансиски извештаи за 2018 година**
Белешките се составен дел на финансиските извештаи

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

на ЈП Студенчица Кичево

за годината завршена на 31 декември 2018 година

| | 31 декември 2018 во 000 МКД | 31 декември 2017 во 000 МКД |
|---|---|---|
| **I. Готовински тек од оперативни активности** | | |
| **Нето добивка/загуба по оданочување** | **4,643** | **(20,021)** |
| **Амортизација на основни средства** | **18,302** | **18,058** |
| **Зголемување/намалување на тековните средства** | | |
| **Долгорочни побарувања** | - | - |
| Залихи | (282) | (72) |
| Побарувања од поврзани друштва | - | - |
| Побарувања од купувачи | 804 | 13,556 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | - | - |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | 110 | (11) |
| Побарувања од вработените | 9 | 119 |
| Останати краткорочни побарувања | - | - |
| Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР) | (51) | 92 |
| | **589** | **13,684** |
| **Зголемување/намалување на тековни обврски** | | |
| Обврски спрема поврзани друштва | - | - |
| Обврски спрема добавувачи | 10 | (51) |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | - | - |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плата | (752) | 777 |
| Обврски кон вработените | (1,573) | 1,565 |
| Тековни даночни обврски | 72 | 307 |
| Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва | - | - |
| Обврски по заеми и кредити | - | - |
| Обврски по основ на учество во резултатот | - | - |
| Останати финансиски обврски | - | - |
| Останати краткорочни обврски | 31 | 150 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди (ПВР) | - | - |
| | **(2,212)** | **2,748** |
| **Вкупно нето готовина од оперативни активности** | **21,322** | **14,470** |
| **II. Готовински тек од инвестициски активности** | | |
| Нематеријални средства | (962) | 293 |
| Материјални средства | (8,332) | (457) |
| Вложувања во недвижности | - | - |
| Долгорочни финансиски средства | - | - |
| Краткорочни финансиски средства | - | - |
| **Вкупно нето готовина од инвестициски активности** | **(9,294)** | **(164)** |
| **III. Готовински тек од финансиски активности** | | |
| Главнина и резерви | (4,679) | (6,117) |
| Долгорочни резервирања за ризици и трошоци | - | - |
| Долгорочни обврски | - | - |
| Одложени даночни обврски | - | - |
| **Вкупно нето готовина од финансиски активности** | **(4,679)** | **(6,117)** |
| **Вкупно нето пораст/намалување на готовината** | **7,349** | **8,189** |
| **Готовина на почетокот од годината** | **25,735** | **17,546** |
| **Готовина на крајот од годината** | **33,085** | **25,735** |

**ЈП Студенчица**
Директор
Урим Ахмеди

**Б Е Л Е Ш К И**
**КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА**
**ЈП СТУДЕНЧИЦА КИЧЕВО**
**ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31.12.2018**

## БЕЛЕШКА 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево е јавно претпријатие за собирање, пречистување и дистрибуција на вода формирано во 2001 година согласно Одлука за делење на ЈП „Студенчица и Злетовица" ЦО Скопје Бр.0201-267 од 09.05.2001 година и Трг.рег. под број 2706/2001 од 23.07.2001 година на Основниот суд Скопје 1 во Скопје. На 02.11.2006 година во согласност со Законот за јавните претпријатија , претпријатието е впишано во Централниот регистар на Р.Македонија под деловоден број 3012011000489, со единствен матичен број 5532523.
Седиштето се наоѓа на Бул.„Ослободување" бр. 60А1/1 Кичево, Општина Кичево.
Структурата на капиталот е во целосна сопственост на РМ (100%)
Просечниот број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период изнесува 52 од кои 27 се со средно образование (3,4,5-ти степен), 16 со високо образование (2 се магистри, 3 со 180 и 11 со 240 ЕКТС), и 9 вработени со основно (5 со основно и 4 со втор степен образование).
Основната дејност на ЈП како регионален водовод е собирање, пречистување и дистрибуција на вода (шифра 36.00).
Притоа ЈП има дополнителна дејност - Производство на електрична енергија шифра 35.11, со која оствари приходи во 2018 година и дополнителна дејност шифра 11.07 - производство на освежителни пијалоци, производство на минерална и производство на друга флаширана вода.
ЕДБС е 4030001417232.

## БЕЛЕШКА 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Сметководствените политики на Претпријатието се во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија. Евиденцијата на сите деловни настани се води според важечките прописи од таа област што се на важност во нашава држава, односно во согласност со Законот за трговски друштва, Законот за јавни претпријатија и Правилникот за водење на сметководство.

Секој приход и трошок се прикажува во сметководствената евиденција и аналитички, што овозможува подобра прегледност. Истовремено, на органите на надзор и на органите на управување им се дава можност за поквалитетна контрола над работењето на претпријатието и им се овозможува правовремена интервенција во креирањето на политиките.

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовката на овие финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани години, освен доколку не е поинаку наведено.

### 2.1. Основа за подготовка и презентација на финансиските извештаи

ЈП Студенчица Кичево ја води својата сметководствена евиденција и ги подготвува своите финансиски извештаи во согласност со одредбите на член 469 став (6) од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр. 28/04 … 61/16), членот 7 од Законот за Јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96 … 39/16) и Правилникот за водење на сметководство (Службен весник на РМ бр. 159/09 … 107/2011).

Финансиските извештаи се подготвени според моделот на набавна вредност, како основа на мерење, освен ако не е поинаку наведено. Денарот претставува функционална и известувачка валута во Република Северна Македонија. Износите содржани во финансиските извештаи на Претпријатието, како и во останатите придружни белешки кон финансиските извештаи се прикажани во илјади македонски денари (МКД), освен ако не е поинаку наведено.

Приложените финансиски извештаи претставуваат единечни финансиски извештаи на Претпријатието.

## 2.2. Корекција на грешка

Исправка на основни грешки ќе се врши согласно МСС-8, а корекција на грешка за стари побарувања од поранешни години претпријатието ќе врши на товар на акумулираната добивка што е во согласност со МСС-8 точка 37 „Книговодствени политики, промени на сметководствени проценки и грешки".

## 2.3. Политика на признавање на побарување за запишан а неуплатен капитал

Побарувањата за запишан, а неуплатен капитал ќе се искажуваат по номинална вредност на запишаниот капитал, согласно актите на ЈП. Капиталот кој нема да биде уплатен согласно актите ќе биде поништен.

## 2.4. Политика на признавање на нематеријалните средства

Нематеријалните средства ги опфаќаат патентите и лиценците, заштитните знаци и имиња, договори за франшиза, авторски права, трошоци за истражување и развој, компјутерски софтвер, маркетиншки права и гудвил.

Нематеријалното средство ќе се признае само ако е веројатно дека идните економски користи, кои му се препишуваат на средството, ќе бидат прилив кон претпријатието и ако трошоците на средството можат веродостојно да се измерат.

Ако некое нематеријално средство не ги исполнува критериумите за признавање, настанатиот издаток треба да се признае како расход кога ќе настане.

Софтвер - трошоците настанати со стекнување на лиценца за софтвер, како и останатите долгорочни права се амортизираат по праволиниска метода во текот на очекуваниот односно договорениот век на употреба, но не подолго од 5 години.

Трошоците кои значително ја подобруваат и прошируваат корista на софтверот во однос на изворната варијанта се признаваат како дополнително вложување и го зголемуваат почетниот трошок на софтверот.

Помалите подобрувања се сметаат за трошоци за одржување и се евидентират како расходи во тековниот период.

Основа за вреднување на нематеријалните средства е:

1. Начинот на нивно стекнување;
2. Очекуваниот период на добивање на економска корист;
3. Можноста да се продадат.

Нематеријалното средство почетно се мери според набавната вредност. Во набавната вредност се вклучуваат сите трошоци за набавка и сите останати трошоци неопходни нематеријалното средство да се стави во функција.

Нематеријалните средства се амортизираат за период од 5 години.

## 2.5. Политика на признавање на материјалните средства (недвижности, постројки и опрема)

Материјалните средства се признаваат по трошокот на набавка, под услов истиот да може сигурно да се измери.

Трошокот за набавка, односно набавната вредност на материјалното средство (цена на чинење), кој се распоредува за време на корисниот век на употреба е износот на платени парични средства или еквиваленти на парични средства или објективната вредност на друг надомест даден за да се стекне едно средство во моментот на неговото стекнување или изградба. Набавната вредност на

материјалните средства ја опфаќа куповната цена, вклучувајќи ги увозните давачки и неповратните даноци, како и трошоците кои директно можат да се препишат за доведување на средството во работна состојба на употреба (трошоци за подготовка на местото, рамнење, канали, потпорни зидови, рушење стараградба, испорака и манипулација, инсталирање и монтажа, услуги на стручни лица и сл). Сите трговски попусти и рабати се одбиваат за да се дојде до куповната цена. Ако сметководствената вредност е поголема од проценетиот надоместлив износ, разликата се отпишува, односно се врши вредносно усогласување до надоместливиот износ.

Добивките или загубите настанати со продажба се определуваат преку споредба на приходите со сметководствената вредност.

Добивките и загубите од нетековните средства (НПО и Вложувања) при составување на Извештајот за паричните текови се исклучуваат од оперативните активности и се пренесуваат кај вложувачките, како неутрализатори на разликите помеѓу паричните текови и сметководствените вредности.

Кај материјалните средства се прави разлика помеѓу инвестиционото (тековното) одржување и инвестиционото вложување. Трошоците за одржување и поправки на средствата, т.н. трошоци на инвестиционото одржување, се признаваат како расходи на периодот. Инвестиционите вложувања се оние издатоци со кои се продолжува векот на употреба на средството и се зголемува капацитетот на средството. Вредноста на инвестиционите вложувања се додава на набавната вредност и така зголемената основица се амортизира.

Набавката на средствата може да се реализира и со размена за друго средство, односно хартии од вредност.

Во случај на таква размена, износот на трошокот на набавка се утврдува според фер вредноста на превземеното (набавеното) средство. Ако таквата вредност не е позната тогаш според објективната вредност на остапеното долгорочно материјално средство, односно според објективната вредност на хартиите од вредност.

Трошоците на набавка на предметите и услугите изработени во сопствена режија, кои се користат како постојан материјален имот, се утврдуваат во висина на нивните цени на производство, под услов да не ја надминуваат нивната нето пазарна (ревалоризирана) вредност. Цената на производството се утврдува согласно МСС 2 - Залихи.

Векот на употреба на средството е периодот во кој се очекува дека истото ќе се користи.

Векот на употреба на материјалните средства се проценува на следниот начин:

- Земјиштето и уметничките дела не се амортизираат.

Основица за пресметка на амортизацијата е набавната вредност на средството. Ако реално може да се процени остатокот на вредноста, за овој износ се намалува основицата за амортизација.

Амортизацијата на материјалните средства се пресметува по праволиниска метода со примена на определени стапки утврдени врз основа на векот на траење на материјалните средства.

На инвестициите во тек не се пресметува амортизација.

Стапките на амортизација се определуваат согласно утврдениот век на користење на материјалните средства така што утврдените стапки на амортизација се презентираат во следниот преглед:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти - високоградба (од армирано бетонска и метална конструкција - водоводи) | 1,5 % |
| Градежни објекти – високоградба (згради) | 2,5 % |
| Мали хидро електрани – МХЕ | 2,5 % |
| Градежни објекти – нискоградба | 3,0 % |
| Градежни објекти – дрвена конструкција | 5,0 % |
| Неспомнати градежни објекти | 10,0 % |
| Опрема за водовод и комунални услуги | 5,0 % |
| Погонски машини, алати, транспортни средства | 10,0 % |
| Канцалариски мебел и опрема | 20,0,% |
| Компјутери и патнички возила, телекомуникациска опрема | 25,0 % |
| Останата неспомната опрема | 10,0 % |

Разликата помеѓу утврдената амортизација и онаа определена со Номенклатурата се евидентира на посебни аналитички сметки.

Во 2007 година, вредноста на основните средства е предмет на проценка извршена од страна на овластен проценител презентирана во Извештај за проценка број 05-1405/1 од 15.10.2007 година. Проценителот утврди нов век на употреба на делот на основните средства од групата 031- Хидротехнички објекти, односно ја намали годишната стапка на амортизација од 2,5% на 1,5% годишно. Извештајот на проценителот е усвоен од Управниот одбор на претпријатието со Одлука број 02-1412/1 од 15.10.2007 година со примена од 01.01.2007 година.

Според сметководствената политика на претпријатието, средствата ќе бидат предмет на проценка со примена на МСС 16, со примена на алтернативен метод. Тоа значи дека средствата на претпријатието ќе бидат предмет на проценка во регуларни периоди од 3-5 години.

## 2.6. Политика на признавање на долгорочните финансиски вложувања

Долгорочните финансиски вложувања се искажуваат според нивната номинална вредност, согласно договор.

Пресметаните камати се капитализираат по нивната достасаност, согласно анекс на договорот.

Исправката (намалувањето на вредноста) на вложувањата, се спроведува во периодот на сознавањето на неможноста за наплата на дел или на вкупното побарување на товар на расходите на периодот. Отписот на вложувањата се спроведува само во случај кога за тоа ќе донесе одлука соодветен орган.

## 2.7. Политика на признавање на залихи

Материјалите, резервните делови, ситниот инвентар, амбалажата и автомобилските гуми се искажуваат по набавна цена се евидентираат според трошоците на набавка (царина, даноци, шпедитерски, транспортни трошоци), а пресметка на потрошокот со примена на методот ФИФО.

Ситниот инвентар во употреба, дел се отпишува еднократно при ставањето во употреба, односно дел по методот на калкулативен отпис, според векот на траење.

Намалувањето на вредноста на залихите се спроведува во време на редовниот годишен попис, а врз основа на проценка за оштетеност и дотраеност.

Намалувањето на вредноста на залихите се врши на товар на расходите на периодот вклучувајќи го и секое нивелирање (сведување) по пат на отпис до нето реализационата вредност, врз основа на проценка на раководството за потенцијални оштетувања на вредноста на залихите.

## 2.8. Политика на признавање на краткорочните побарувања

Побарувањата од купувачите, побарувањата за повеќе исплатени износи од добивката, побарувањата од вработените, побарувањата од државата и другите институции и останатите побарувања се искажуваат по номинална вредност зголемена за каматите согласно склучениот договор односно одлука за исплата.

За сите побарувања од купувачите кои не се наплатени во договорениот рок се пресметува казнена камата.

Побарувањата кои се искажани во девизи се пресметуваат според средниот курс на НБРМ на денот на балансирањето.

Намалувањето на вредноста на побарувањата се спроведува задолжително кога должникот е во постапка на стечај или ликвидација.

Со Одлука бр. 02-248/1-5 од 26.02.2007 година донесена од Управниот одбор на ЈП, на која Владата на РМ даде согласност со нејзина Одлука бр.19-1609/1 од 25.7.2007 година се определува:

а) Дисконт на тековните и идните побарувања од ЈКП на Општините корисници за перод од:
   - од 01.09.2007 год. до 31.08.2008 год. дисконт од 50%;
   - од 01.09.2008 год. до 31.08.2009 год. дисконт од 40%;
   - од 01.09.2009 год. до 31.08.2010 год. дисконт од 30%;
   - од 01.09.2010 год. до 31.08.2011 год. дисконт од 20%;
   - од 01.09.2011 год. до 31.08.2012 год. дисконт од 10%.

б) Ненаплатени побарувања на ЈП од ЈКП на Општините со состојба заклучно со 31.08.2007 година, имаат обврска да ги платат на 120 еднакви месечни рати, во износ од 50% од висината на главниот долг а остатокот од 50% се отпишува сукцесивно со истекот на секоја деловна година во висина на процентот на отплата.

Вредноста на побарувањата се намалува за исправка за сомнителни и спорни побарувања, односно за вредносното усогласување на побарувањата според следната срочна структура:

- Побарувања заклучно до 31.08.2007 година во наредните 120 месеци се вреднуваат 50% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.09.2007 од 31.08.2008 година се вреднуваат 50% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.09.2008 до 31.08.2009 година се вреднуваат 60% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.09.2009 до 31.08.2010 година се вреднуваат 70% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.09.2010 до 31.08.2011 година се вреднуваат 80% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.09.2011 до 31.09.2012 година се вреднуваат 90% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 31.09.2012 година се вреднуваат 100% од номиналниот износ.

Со Одлука бр. 02-78/1-4/1 од 10.01.2014 година донесена од Управниот одбор на ЈП, на која Владата на РМ даде согласност со нејзина Одлука бр.42-401/1 од 22.01.2014 година се определува:

а) Дисконт на тековните и идните побарувања од ЈКП на Општините корисници за перод од:
   - од 01.02.2014 година до 31.12.2014 година дисконт од 40%;
   - од 01.01.2015 година до 31.12.2015 година дисконт од 40%;
   - од 01.01.2016 година до 31.12.2016 година дисконт од 30%;
   - од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година дисконт од 20%;
   - од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година дисконт од 10%, и
   - фактурирање во полн износ од 01.09.2019 година.

Вредноста на побарувањата се намалува за исправка за сомнителни и спорни побарувања, односно за вредносното усогласување на побарувањата според следната рочна структура:

- Побарувања заклучно до 31.01.2015 година во наредните 180 месеци се вреднуваат 50% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.02.2014 до 31.12.2014 година се вреднуваат 60% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.01.2015 до 31.12.2015 година се вреднуваат 60% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.01.2016 до 31.12.2016 година се вреднуваат 70% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година се вреднуваат 80% од номиналниот износ.

- Побарувања за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година се вреднуваат 90% од номиналниот износ.
- Побарувања за периодот од 01.01.2019 година се вреднуваат 100% од номиналниот износ.

Со ставот 6 се регулираат побарувањата од ЈКП ВИК Прилеп, а со став 8 се регулираат побарувањата на останатите ЈКП корисници.

Во извештајниот период односно во јули 2016 година, Управниот одбор на ЈП донесе Одлука број 02-983/1-1 од 16.06.2016 година и се склучи спогодба со број 02-1019/1 од 24.06.2016 година за начинот, условите и роковите за исполнување на доспеан главен долг без камати, за испорачана вода од регионалниот водовод Студенчица до ЈКП Комуналец Пласница со која го плаќа на рати и стариот долг.

### 2.9. Политика за признавање на краткорочни финансиски вложувања

Дадените заеми, депозити и кауции се искажуваат според нивната номинална вредност согласно договорот.

Пресметаните камати се капитализираат по нивната достасаност, согласно анекс на договорот.

Останатите краткорочни вложувања се искажуваат по набавна вредност, зголемена за каматата согласно склучениот договор.

### 2.10. Политика за признавање на паричните средства (пари и парични еквиваленти)

Парите на сметките во денари кај деловните банки се водат во номинални износи според доставениот извод за состојбата на прометот на тие сметки. Парите во благајната во денари се искажуваат по номинална вредност. Девизите на сметките во банка и благајната се искажуваат по среден курс на НБРСМ на денот на билансирањето.

Пресметувањето на девизите се врши секогаш на денот на промената на состојбата на сметката (Благајната) и на крајот на месецот. За целите на составување на Извештајот за парични текови:

а) Паричните средства ги опфаќаат готовината во касите и депозитите по видување (денарски и девизни).

б) Паричните еквиваленти ги опфаќаат краткорочните високо ликвидни вложувања, кои брзо можат да се конвертираат во парични средства и кои се предмет на безначаен ризик во промената на нивната вредност (рок на достасаност до 3 месеци и помалку).

### 2.11. Политика на искажување на данокот на добивка

Данокот на добивка се утврдува и се плаќа според Годишниот даночен биланс и истиот преставува одбитна ставка од финансискиот резултат пред оданочување во Извештајот за добивка или загуба.

Плаќањето на месечниот данок се врши аконтативно.

Крајниот данок од добивка по стапка од 10% (пр: 2017: 10%) се пресметува на утврдената добивка од Извештајот за добивка или загуба, корегирана за одредени ставки согласно законските одредби. Овие корекции се однесуваат на зголемување на даночната основа за одредени трошоци кои не се признаваат за целите на оданочување.

### 2.12. Политика за активни временски разграничувања

Однапред платените трошоци за идни периоди се искажуваат како активни временски разграничувања, а се пресметуваат во трошоци на периодот за кој се однесуваат. Причината за разграничувањето, како и износот кој се однесува на идните периоди мора да бидат искажани на содветна сметководствена исправа.

Приходите кои се пресметани во корист на тековниот период, а немаат елементи да се искажат како побарување, се искажуваат како активни временски разграничувања. Кога ќе се стекнат услови за испоставување на документи врз основа на кој се сгекнуваат побарувањата, временските разграничувања се пренесуваат на сметките на побарувањата. Основата за приходување и искажување на таквите износи на временските разграничувања мора да биде утврдена со соодветна сметководствена исправа.

### 2.13. Политика за признавање на запишаниот капитал

Заради фактот што во ЦР на РМ при уписот на претпријатието во 2006 година не е впишана вредноста на државниот капитал, што е во спротивно со член 10 Точка 3 од Законот за ЈП како и Одредбите од Законот за Трговски друштва, како активност е пристапено кон обезбедување на предуслови за впишување на имотот на ЈП. Имено во извештајниот период ЈП се обрати до генералниот секретаријат на Владата на РМ со предлог да се формира комисија за утврдување на вредноста на државниот капитал на ЈП, во која ќе бидат застапени релевантни преставници од Министерството за финансии, Заводот за државна ревизија и од ЈП. Формирањето на оваа комисија претставува иницијален документ во постапката за упис на капиталот на ЈП. Во наредниот период ќе продолжиме со оваа активност.

### 2.14. Политика на признавање на ревалоризациона резерва (ревалоризационен вишок)

Ревалоризациона резерва (ревалоризационен вишок) произлегува од објективното вреднување на нетековните средства по нивното почетно признавање според набавната вредност.

Ревалоризациониот вишок ги покрива загубите кои произлегуваат од нетековните средства.

Остатокот по ова покривање по излезот на тековното средство од Билансот ќе се пренесе во задржана добивка.

### 2.15. Политика за признавање на резервите

Резервите се искажуваат по номинална вредност со издвојување од нето добивка и тоа посебно за законските резерви, посебно за статутарните резерви и за останатите резерви.

### 2.16. Политика за признавање на задржаната (акумулираната) добивка/загуба

Во деловните книги посебно се искажува задржаната (нераспределена) добивка, а посебно искажаната загуба од работењето.

Искажаната загуба може да се покрие од задржаната добивка само со одлука на Управниот одбор на ЈП, а во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва.

Доколку настане загуба, истата се покрива од позициите на капиталот. Исплатата на добивката се спроведува врз основа на одлука на Управниот одбор на ЈП, со согласност на Владата на РМ и според одредбите на Законот за трговски друштва.

Аванс на добивка може да се исплатува ако во меѓупресметковниот период ЈП искажува добивка при тоа да не постои пренесена загуба и со соодветно исполнување на сите останати услови од Законот за трговски друштва.

### 2.17. Политика за признавање на добивката или загубата во тековната година

Добивката или загубата во тековната година во билансот се искажува по оданочувањето како добивка (нето добивка) за распределба, односно загуба од работењето во тековната година.

## 2.18. Политика за признавање на долгорочни обврски

Обврските спрема поврзаните претпријатија, обврски по заеми, обврски спрема кредитни институции, обврските за аванси, обврските спрема добавувачите и останатите долгорочни обврски се искажуваат по номинална вредност, зголемена за достасаните камати според склучените договори.

Овие обврски се калсифицираат како долгорочни доколку на датумот на Извештајот за финансиската состојба, рокот на доспевање им е подолг од 12 месеци. Долгорочните резервирања се искажуваат како долгорочни обврски за гаранции и отпремнини.

Обврските искажани во девизи се пресметуваат по среден курс на НБРМ на денот на билансирањето, но и на крајот на секој месец во случај кога се отплаќаат долгови.

## 2.19. Политика за признавање на краткорочните обврски

Обврските по заеми, обврските спрема кредитните институции, обврските за аванси, депозити и гаранции, обврските спрема добавувачите, обврските спрема вработените, обврските за даноци, придонеси и други давачки, обврските врз основа на удел во резултатот и останатите краткорочни обврски се искажуваат во вредност која е искажана во соодветна сметководствена исправа, (зголемена за каматите според склучениот договор и пропис), односно одлука од надлежен орган на ЈП. Овие обврски се класифицираат како краткорочни доколку на датумот на Извештајот за финансиска состојба рокот на доспевање им е до 12 месеци.

## 2.20. Политика за пасивни временски разграничувања

На товар на пресметковниот период се пресметуваат и трошоците за кои не постојат соодветни сметководствени исправи за да можат да се признаат како обврска, а за кои со сигурност може да се утврди дека се однесуваат на тековниот пресметковен период. Кога ќе се прибават документи за признавање на обврските, се врши укинување на временските разграничувања во корист на сметките на обврските.

Приходите за кои нема услови за признавање во тековниот пресметковен период, според МСС 18, се одложуваат преку временски разграничувања за идни периоди.

Во корист на временските разграничувања се евидентираат и наплатените приходи кои се однесуваат за идните периоди, а за кои не било искажано соодветно побарување.

## 2.21. Политика за признавање на приходите

Претпријатието остварува приходи од собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење на прехрамбена вода, одржување и експлоатација на Регионалниот водовод Студенчица, како и приходи од продажба на електрична енергија, произведена од МХЕ (мали хидро електрани), кои приходи се искажуваат на посебни сметки.

Приходите се мерат според објективната вредност на примениот надомест или побарувањето и тие се евидентираат со примена на фактичност на настаните и се книжат во моментот на нивното настанување.

Приходите се признаваат ако истовремено се зголемат средствата или се намалат обврските.

Приходите од продажба на производи се признаваат ако:

- на купувачите се пренесени сите ризици и користи од сопственоста над производите (искористена вода, електрична енергија и слично);
- ЈП не задржува, ниту трајно управување, ниту контрола над производите;

- износот на приходите може да се измери;
- е веројатно дека продадените производи ќе се наплатат;
- трошоците кои настанале или кои ќе настанат во врска со продажбата може со сигурност да се измерат.

Ако во моментот на настанување на настанот се процени дека наплатата не е извесна, приходите се одложуваат.

За реализацијата од предходните пресметковни периоди и за онаа која во тековниот пресметковен период е пресметана во корист на приходите се врши исправка на побарувањата на товар на трошоците.

За приходите што не се дефинирани со овој акт се применува МСС 18 и други стандарди.

Приходите остварени со Државни поддршки вклучувајќи ги и немонетарните поддршки ќе бидат признати по објективна вредност во претпријатието доколку се во согласност со придружените услови и доколку истите се примени.

Државните подршки се признаваат како приход во рамките на периодите кои се неопходни за нивно спротиставување со поврзаните трошоци.

Приходите од Државните подршки се одобруваат во Извештајот за добивка или загуба посебно како - Други приходи и тие се одземаат во известувањето за поврзаниот период.

## 2.22. Политика на признавање на расходите

Расходите се признаваат согласно точка 77 до 79 и 93 до 97 од Рамката за составување и презентирање на финансиските извештаи ( МСФИ ).

Во политиката за признавање на расходи, ЈП се придржува до следните критериуми:

- расходите имаат за последица намалување на средствата или зголемување на обврските и истите можат да се измерат со сигурност;
- расходите имаат директна поврзаност со настанатите трошоци и посебните позиции на приходите;
- кога се очекува остварување на приходите во повеќе идни пресметковни периоди, тогаш признавањето на расходите се извршува со постапката на разумна алокација на пресметковните периоди;
- расходот веднаш се признава во пресметковниот период кога издатокот не остварува идни економски користи, а нема услови да се признае како позиција на активата во билансот;
- расходот веднаш се признава во пресметковниот период и тогаш кога настанала обврска, а нема услови да се признае како позиција на активата (точки 93-97 од Рамката).

Сите трошоци и расходи кои се однесуваат на пресметковниот период мораат да бидат опфатени во финансиските извештаи.

## 2.23. Завршни одредби

За оние средства, обврски, приходи и расходи за кои во овој акт не се утврдени сметководствени политики ќе се применува основниот третман за нивно мерење утврден во соодветните МСФИ.

Со донесување на овие Основни сметководствени политики, престануваат да важат претходно донесените сметководствени политики бр.02-1281/1-7/2 од 19.07.2013 година, Сметководствени политики за дополнување на основните сметководствени политики бр.02-78/1-7/2 од 10.01.2014 година и сметководствените политики бр.02-484/1-3/2 од 17.02.2014 година.
Овој акт влегува во сила со денот на донесување.

## БЕЛЕШКА 3. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Претпријатието влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите, добавувачите и кредиторите. Главните ризици на кои Претпријатието е изложено и политиките за управување со нив се следните:

### 3.1. Кредитен ризик

Претпријатието е изложено на кредитен ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во состојба да ги исполнат своите стасани обврски за плаќање. Претпријатието има значајна концентрација на кредитен ризик со оглед на фактот дека има мал број на купувачи. Претпријатието има изградено посебни политики за управување со кредитниот ризик по одделни купувачи кои се во согласност со прифатените Одлуки од Владата на РМ.

### 3.2. Ризик од каматни стапки

Респектирајќи го фактот дека Претпријатието во 2018 година не користи краткорочни и долгорочни кредити и позајмици слободно може да се заклучи дека во тековната година не е изложено на кредитен ризик.

### 3.3. Ризик од ликвидност

Претпријатието е изложено на ризик од ликвидност кога нема да биде во можност со своите парични средства редовно да ги плаќа стасаните обврски спрема своите доверители. Ваквиот ризик Претпријатието го надминува со континуирано обезбедување на потребни парични средства за сервисирање на своите пристигнати обврски, така што слободно може да се заклучи дека Претпријатието не е изложено на ваков вид на ризик.

### 3.4. Даночен ризик

Согласно законските прописи во Република Северна Македонија, финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Претпријатието подлежат на контрола од страна на даночните власти по поднесувањето на даночните биланси за тековната година. Во текот на 2018 година во Претпријатието не е вршена контрола од страна на даночните власти, но сепак дополнителни даноци во случај на идна контрола од страна на даночните власти во овој момент не можат да се определат со разумна сигурност.

### 2.5. Финансиски ризик

Претпријатието врши финансирање на своето работење со средства обезбедени од сопствени извори (акумулирана добивка, амортизација и сл.). Претпријатието континуирано ја следи својата задолженост преку соодветна анализа која со состојба на 31 декември 2018 и 2017 година е следната:

| **Долгорочна задолженост во однос на капиталот:** | **2018**<br>**000 МКД** | **2017**<br>**000 МКД** |
|---|---|---|
| - Вкупно долгорочни обврски по кредити | - | - |
| - Парични средства и парични еквиваленти | 33.085 | 25.735 |
| - **Нето долгорочни обврски** | **(33.085)** | **(25.735)** |
| - Вкупно капитал и резерви | 381.598 | 381.634 |

| | | |
|---|---|---|
| **% на долгорочна задолженост во однос на капиталот** | **(8,67)%** | **(6,74)%** |

| **Вкупна задолженост во однос на вкупните средства:** | **2018 000 МКД** | **2017 000 МКД** |
|---|---|---|
| - Вкупни обврски (краткорочни и долгорочни) | 1.196 | 3.408 |
| - Вкупни средства | 382.795 | 385.041 |
| **% на вкупна задолженост во однос на вкупни средства:** | **0,31%** | **0,88%** |

## БЕЛЕШКА 4. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

Приходите од продажба во 2018 година изнесуваат 57.513 илјади денари, а во 2017 година истите изнесувале 43.811 илјади денари. Приходите од продажба се однесуваат за следново:

| **Приходи од продажба** | **2018 000 МКД** | **2017 000 МКД** |
|---|---|---|
| • Приходи од продажба – ЈКП 5% | 31.438 | 22.659 |
| • Приходи од продажба – АД ЕЛЕМ 18% | 9.873 | 9.598 |
| • Приходи од продажба на струја – АД МЕПСО 18% | 16.202 | 11.554 |
| **Вкупно приходи од продажба:** | **57.513** | **43.811** |

Од претходниот преглед се гледа дека приходите од продажба се остваруваат во целост на домашен пазар, а најголем дел од приходите се остварени со продажба на вода на јавните комунални претпријатија во вкупен износ од 31.438 илјади денари, односно 54,66% од вкупно остварените приходи.

## БЕЛЕШКА 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

Останатите приходи во тековната 2018 година се во вкупен износ од 2.593 илјади денари, додека пак истите во претходната 2017 година се во износ од 3.230 илјада денари, а се однесуваат за следните приходи:

| **Опис на останати приходи** | **2018 000 МКД** | **2017 000 МКД** |
|---|---|---|
| • Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обврските | 2.339 | - |
| • Приходи од отпис на побарувања со спогодби | - | 3.058 |
| • Останати приходи од работењето | 254 | 172 |
| **Вкупно останати приходи:** | **2.593** | **3.230** |

Од прегледот се гледа дека најголем дел од останатите приходи отпаѓаат на приходи од отпис на побарувања во износ од 2.339 илјади денари, односно 90,20% од вкупно остварените останати приходи.

## БЕЛЕШКА 6. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ

Трошоците за суровини и други материјали во 2018 година изнесуваат 2.409 илјади денари, а во 2017 година истите изнесуваа 1.748 илјади денари. Трошоците за суровини и други материјали се однесуваат на:

| **Опис на трошоци за суровини и други материјали** | **2018 000 МКД** | **2017 000 МКД** |
|---|---|---|
| • Трошоци за суровини и материјали (за производство) | 83 | 110 |
| • Трошоци за материјали (за администрација, управа и продажба) | 87 | 153 |
| • Трошоци за енергија | 1.285 | 1.105 |
| • Трошоци за резервни делови и материјали за одржување | 573 | 102 |
| • Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 381 | 278 |
| **Вкупно трошоци за суровини и други материјали:** | **2.409** | **1.748** |

## БЕЛЕШКА 7. УСЛУГИ СО КАРАКТЕР НА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

Услугите со карактер на материјални трошоци за 2018 година изнесуваат 995 илјади денари, додека пак во 2017 година истите изнесуваа 983 илјади денари. Овие услуги со карактер на материјални трошоци се однесуваат на:

| **Опис на услуги со карактер на материјални трошоци** | **2018 000 МКД** | **2017 000 МКД** |
|---|---|---|
| • Транспортни услуги | - | - |
| • Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 454 | 472 |
| • Услуги за одржување и заштита | 145 | 214 |
| • Комунални услуги | 14 | 14 |
| • Останати услуги | 382 | 283 |
| **Вкупно услуги со карактер на материјални трошоци:** | **995** | **983** |

## БЕЛЕШКА 8. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Останатите трошоци од работењето за 2018 година изнесуваат 4.296 илјади денари, додека во 2017 година претпријатието евидентирало останати трошоци од работењето во износ од 4.019 илјади денари.

| **Опис на останати трошоци од работењето** | **2018 000 МКД** | **2017 000 МКД** |
|---|---|---|
| • Трошоци за членови на управен и надзорен одбор | 2.062 | 1.956 |
| • Трошоци за репрезентација | 545 | 346 |

| | | |
|---|---|---|
| • Трошоци за осигурување | 206 | 132 |
| • Трошоци за банкарски услуги | 52 | 51 |
| • Трошоци за членарини | 192 | 90 |
| • Административни трошоци | - | - |
| • Останати трошоци на работењето | 1.239 | 1.444 |
| **Вкупно останати трошоци од работењето:** | **4.296** | **4.019** |

## БЕЛЕШКА 9. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

Трошоците за вработените во 2018 година изнесуваат 29.509 илјади денари, додека истите во 2017 година изнесуваа 34.077 илјади денари. Овие трошоци се однесуваат на:

| **Опис на трошоци за вработените** | **2018 000 МКД** | **2017 000 МКД** |
|---|---|---|
| • Плати и надомести на плата (нето) | 18.856 | 18.912 |
| • Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 1.570 | 1.575 |
| • Придонеси од задолжително социјално осигурување | 7.670 | 7.702 |
| • Останати трошоци за вработените | 1.413 | 5.888 |
| **Вкупно трошоци за вработените:** | **29.509** | **34.077** |

## БЕЛЕШКА 10. АМОРТИЗАЦИЈА

Амортизацијата во 2018 година изнесува 18.302 илјади денари, додека во 2017 година амортизацијата изнесувала 18.058 илјади денари.

## БЕЛЕШКА 11. ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗВРЕДНУВАЊЕ) НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА

Вредносно усогласување на нетековните и тековните средства за 2018 година Претпријатието нема евидентирано, додека во претходната година вредносното усогласување на нетековните и тековните средства изнесуваше 8.742 илјади денари.

## БЕЛЕШКА 12. ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Останатите расходи од работењето во 2018 година изнесуваат 65 илјади денари, а во 2017 година претпријатието ги евидентирало во износ од 57 илјади денари.

## БЕЛЕШКА 13. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

Финансиските приходи на претпријатието во 2018 година изнесуваат 757 илјади денари, а во 2017 година претпријатието евидентирало финансиски приходи во износ од 931 илјади денари.

| **Опис на финансиски приходи** | **2018 000 МКД** | **2017 000 МКД** |
|---|---|---|
| • Приходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва | 757 | 3 |
| • Приходи од орочен краткорочен депозит во банка | - | 928 |
| **Вкупно финансиски приходи:** | **757** | **931** |

## БЕЛЕШКА 14. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ

| **Опис на финансиски расходи** | **2018 000 МКД** | **2017 000 МКД** |
|---|---|---|
| - Расходи по основ на камати од работењето | 16 | 308 |
| - Негативни курсни разлики | - | - |
| - Останати финансиски расходи | - | - |
| **Вкупно финансиски расходи:** | 16 | 308 |

## БЕЛЕШКА 15. ДОБИВКА / ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ

Во 2018 година претпријатието евидентира добивка пред оданочување во износ од 5.271 илјади денари, додека во 2017 година претпријатието прикажа загуба пред оданочување во износ од (20.021) илјади денари.

## БЕЛЕШКА 16. ДАНОК НА ДОБИВКА

Претпријатието во тековната 2018 година има прикажано добивка пред оданочување во вкупен износ од 5.271 илјади денари. Согласно законските прописи данокот на добивка во 2018 година се пресметува на остварената добивка во тековната година како и на даночно непризнатите расходи и на помалку пресметаните приходи по стапка од 10%. Претпријатието за 2018 година има пресметано данок на добивка во вкупен износ од 628 илјади денари.

| **Пресметка на данок на добивка** | **2018 000 МКД** | **2017 000 МКД** |
|---|---|---|
| • Добивка/загуба пред оданочување од БУ | 5.271 | -20.021 |
| • Непризнати расходи за даночни цели | 1.005 | 9.418 |
| • **Даночна основа** | **6.276** | **-10.603** |
| • Пресметан данок на добивка | 628 | - |
| • Намалување на пресметаниот данок на добив. | - | - |
| • Пресметан данок по намалување | 628 | - |

| | | |
|---|---|---|
| **Данок на добивка (10% х даночна основа)** | **628** | **-** |

## БЕЛЕШКА 17. НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА

Нето добивката за деловната година изнесува 4.643 илјади денари, а во 2017 година претпријатието прикажа загуба за деловната година во износ од (20.021) илјади денари.

## БЕЛЕШКА 18. ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ГОДИНАТА

Вкупната сеопфатна добивка за деловната година изнесува 4.643 илјади денари е идентична со нето добивката за деловната година, додека во 2017 година претпријатието прикажа вкупна сеопфатна загуба за деловната година во износ од (20.021) илјади денари.

## БЕЛЕШКА 19. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

**(000) МКД**

| Вид на основно средства | Издатоци за истражување и развој | Кон цесии, патент и | Софтвер | Останати средства | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност на нематеријалните средства (состојба на 01.01.2018 година)** | **13,437** | **-** | **2,675** | **8,572** | **24,684** |
| - директни зголемувања | 962 | - | - | - | **962** |
| - намалување | - | - | - | - | **-** |
| **Состојба на нематеријалните средства на 31.12.2018 година** | **14,399** | **-** | **2,675** | **8,572** | **25,646** |
| **Исправка на вредноста на нематеријалните средства на 01.01.2018 година** | **-10,976** | **-** | **-1,187** | **-1,318** | **-13,481** |
| - амортизација во 2018 година | - | - | -27 | -45 | **-72** |
| - намалување | - | - | - | - | **-** |
| **Состојба на исправката на нематеријалните средства на 31.12.2018 година** | **-10,976** | **-** | **-1,214** | **-1,363** | **-13,553** |
| **Сегашна вредност на нематеријалните средства на 31.12.2018 година** | **3,423** | **-** | **1,461** | **7,209** | **12,093** |
| Вредност на нематеријални средства на 31.12.2017 година | 2,461 | **-** | **1,488** | **7,253** | **11,202** |

Од прегледот се гледа дека претпријатието има ново набавени нематеријални средства во износ од 962 илјади денари кои се однесуваат на геодетски елаборат за утврдување на фактичката состојба на бесправен надземен инфра структурен објект.

## БЕЛЕШКА 20. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

**(000) МКД**

| Вид на основно средства | Земјиште | Градежни објекти | Постројки и опрема | Алат и транспортни средства | Средства во подготовка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност на НПО (состојба на 01.01.2018 год.)** | **1,036** | **799,448** | **124,925** | **14,666** | **-** | **940,075** |
| - директни зголемувања | - | 4,997 | 6,040 | 2,006 | 8,332 | **21,375** |
| - намалувања | - | - | -4,712 | - | -8,332 | **-13,044** |
| **Состојба на НПО на 31.12.2018 година** | **1,036** | **804,445** | **126,253** | **16,672** | **-** | **948,406** |
| **Исправка на НПО на 01.01.2018 година** | **-** | **-647,500** | **-54,618** | **-10,245** | **-** | **-712,363** |
| - амортизација за 2018 год. | - | -15,713 | -2,448 | -71 | - | **-18,232** |
| - намалување | - | - | - | - | - | **0** |
| **Состојба на исправката на НПО на 31.12.2018 година** | **-** | **-663,213** | **-57,066** | **-10,316** | **-** | **-730,595** |
| **Сегашна вредност на НПО на 31.12.2018 година** | **1,036** | **141,232** | **69,187** | **6,356** | **-** | **217,811** |
| Вредност на НПО 31.12.2017 година | 1,036 | 151,947 | 70,307 | 4,421 | - | 227,711 |

Од прегледот се гледа дека претпријатието има ново набавени материјални средства во износ од 21.375 илјади денари меѓу кои како позначајни набавки се следниве:

- Шкода Кодиак со вредност од 2.006 илјади денари;
- Реконструкција – изведбен проект за МХЕ зафат-Каптажа во износ од 4.865 илјади денари.

## БЕЛЕШКА 21. ЗАЛИХИ

Залихите се однесуваат на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и авто гуми во употреба и истите во 2018 година изнесуваат 952 илјади денари, додека во 2017 година тие изнесуваа 670 илјади денари. Материјалите, резервните делови, ситниот инвентар, амбалажата и автогумите се искажуваат по набавна цена а се евидентираат според трошокот за набавка (царина, даноци, шпедитерски и транспортни трошоци) во согласност со МСС 2. Ситниот инвентар во употреба се отпишува дел еднократно при ставање на истиот во употреба а дел по методот на калкулативен отпис според векот на траење.

## БЕЛЕШКА 22. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА И КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА

| Опис на краткорочни побарувања и краткорочни финансиски вложувања | 2018<br>000 МКД | 2017<br>000 МКД |
|---|---|---|
| • **Побарувања од поврзани субјекти** | - | - |
| • **Побарувања од купувачи** | **78.743** | **79.547** |
| Купувачи во земјата | 78.743 | 79.547 |
| Купувачи во странство | - | - |
| Вредносно усогласување на побарувањата | - | - |

| | | |
|---|---|---|
| • **Побарувања за дадени аванси на добавувач.** | **-** | **-** |
| • **Побарување од државата по основ на даноци и слично** | **-** | **110** |
| Побарување за ДДВ | - | - |
| Побарување за повеќе платен данок на добивка-аконтации | - | 110 |
| • **Побарувања од вработени** | **-** | **9** |
| Побарувања од вработените | - | 9 |
| • **Останати краткорочни побарувања** | **-** | **-** |
| • **Краткорочни финансиски вложувања** | **40.000** | **40.000** |
| Орочени депозити во ЦК банка | 40.000 | 40.000 |
| • **АВР** | **110** | **58** |
| Однапред платени трошоци и премии за осигурување | 110 | 58 |
| **Вкупно краткорочни побарувања и краткорочни финансиски вложувања:** | **118.853** | **119.724** |

Најголема ставка во краткорочните побарувања и краткорочните финансиски вложувања преставуваат побарувањата од купувачи кои во 2018 година изнесуваат 78.743 илјади денари и исклучиво се однесуваат на побарувања од купувачи во земјата. Исто така значајна ставка претставуваат и краткорочните финансиски вложувања во вкупен износ од 40.000 илјади денари а кои се однесуваат на орочените денарски средства во Централна коперативна банка.

## БЕЛЕШКА 23. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

Паричните средства и паричните еквиваленти во 2018 година изнесуваат 33.085 илјади денари, а во 2017 година истите изнесуваа 25.735 илјади денари.

Структурата на паричните средства и паричните еквиваленти е следната:

| **Опис на парични средства и парични еквиваленти** | **2018<br>000 МКД** | **2017<br>000 МКД** |
|---|---|---|
| • Пари на трансакциски сметки во банки | 33.073 | 25.723 |
| • Благајна | 12 | 12 |
| • Девизна сметка | - | - |
| **Вкупно парични средства и парични еквиваленти:** | **33.085** | **25.735** |

Преку Извештајот за паричните текови даден во финансиските извештаи на почетокот на овој ревизорски извештај претпријатието има:

| | **000 МКД** |
|---|---|
| - паричен тек од оперативни активности | 21.322 |
| - паричен тек од инвестициони активности | (9.294) |
| - паричен тек од финансиски активности | (4.679) |
| **- Нето пораст/намалување на готовината** | 7.349 |

## БЕЛЕШКА 24. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

| **Опис на главнина и резерви** | **2018** | **2017** |
|---|---|---|

| | 000 МКД | 000 МКД |
|---|---|---|
| • Основна главнина | 441.452 | 441.452 |
| • Ревалоризациска резерва | - | - |
| • Резерви | - | - |
| • Акумулирана добивка | - | - |
| • Пренесена загуба (-) | (64.497) | (39.797) |
| • Добивка за деловната година | - | - |
| • Загуба за деловната година | 4.643 | (20.021) |
| **Вкупно главнина и резерви:** | **381.598** | **381.634** |

Од Тековната состојба на Претпријатието може се види дека сопственик е Владата на Република Македонија и дека Претпријатието сеуште ја нема целосно спроведено постапката за запишување на основната главнина во Тековната состојба при Централниот регистар на Република Македонија. Поради горенаведениот факт што основната главнина сеуште не е запишана во ЦР на Република Македонија при уписот на ЈП во 2006 година, како активност која е преземена од страна на ЈП е обезбедување на предуслови за впишување на имотот на ЈП. ЈП се обрати до Владата на Република Македонија со предлог да се формира комисија за утврдување на вредноста на државниот капитал во која ќе бидат застапени релевантни претставници од Министерството за финансии, Заводот за државна ревизија и претставници на ЈП. Формирањето на оваа комисија претставува иницијален почеток во постапката за евидентирање и упис на капиталот на ЈП. Претпријатието работи на оваа проблематика, но поради комплицираноста на истата и недостигот на оригинална документација, постапката се одвива мошне споро.

Извештајот за промените во главнината и резервите е прикажан во финансиските извештаи на страна 6.

## БЕЛЕШКА 25. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| **Опис на тековни обврски** | **2018**<br>**000 МКД** | **2017**<br>**000 МКД** |
|---|---|---|
| • **Обврски спрема поврзани друштва** | - | - |
| • **Обврски спрема добавувачи** | **150** | **140** |
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 150 | 140 |
| Обврски спрема добавувачи во странство | - | - |
| • **Обврски за примени аванси, депозити** | - | - |
| • **Обврски за даноци и придонеси на плата и надомести** | **25** | **777** |
| Обврски за персонален данок на плата | 20 | 131 |
| Обврски за придонес за ПИО | - | 430 |
| Обврски за придонеси за здраствено осигурув. | - | 171 |
| Обврски за придонеси за допол. здра. осигу. | - | 12 |
| Обврски за придонеси за плата од фонд за вод. | 5 | 5 |
| Обврски за придонеси за плата за вработување | - | 28 |
| • **Обврски кон вработените** | **-** | **1.573** |
| Нето плати | - | 1.431 |
| Останати обврски спрема вработените | - | 142 |
| • **Тековни даночни обврски** | **841** | **769** |
| Обврски за данок на додадена вредност | 841 | 769 |
| • **Обврски по заеми и кредити** | - | - |
| • **Обврски по основ на учество во резултатот** | **-** | **-** |
| • **Останати краткорочни обврски** | **180** | **150** |

| | | |
|---|---|---|
| • **Пасивни временски разграничувања** | **-** | **-** |
| **Вкупно тековни обврски:** | **1.196** | **3.408** |

Обврските спрема добавувачи во претпријатието во 2018 година изнесуват 150 илјади денари. Обврските за даноци и придонеси за плата изнесуваат 25 илјади денари. Тековните даночни обврски на претпријатието изнесуваат 841 илјади денари, додека останатите обврски се во износ од 180 илјади денари.

## БЕЛЕШКА 26. СУДСКИ СПОРОВИ

Во изминатиот период Претпријатието имаше заведено повеќе судски спорови и тоа пред основните судови во Гостивар, Прилеп, Кичево и Скопје против ЈКП. Добиени се правосилни и извршни пресуди, направени се спогодби со тужените ЈКП, и почната е исплата на водата согласно наведените спогодби. Исто така заведени се и две тужби пред Основен суд Скопје 2 во вкупен износ од 2.273 илјади денари, за кои ангажираниот адвокат сеуште нема добиено пресуда. Сите овие судски спорови се однесуваат на поведени судски постапки во минатиот период, додека во 2018 година нема поведено нови судски спора.

Претпријатието се јавува како тужена страна во повеќе судски постапки од страна на вработените за надомест на регрес за годишен одмор и новогодишен надомест за изминатите години и истите се добиени од страна на тужителите и исплатени од страна на ЈП Студенчица. Во 2018 година се заведени 8 такви судски спорови од страна на вработени во ЈП од кои повеќето судски спорови се завршени во 2018 година и исплатени на тужителите, додека, еден судски спор се однесува на тужителот Ѓорѓија Сајкоски против ЈП Студенчица Кичево во вкупен износ од 1.529 илјади денари за исплата на надомест по склучен менаџерски договор, при што рочиштето по овој судски спор е закажано за 2019 година.

## БЕЛЕШКА 27. ЈАВНИ НАБАВКИ

Сите набавки во 2018 година Претпријатието ги вршело во согласност со Законот за јавни набавки и сите други позитивни прописи.

За потребите на јавните набавки Претпријатието има изготвено Годишен план за јавни набавки во 2018 година, којшто беше доставен до Управниот одбор на усвојување и истиот соодветно го усвоил.

Комисијата за јавни набавки е формирана за секоја јавна набавка посебно, со Одлука за јавна набавка. Комисијата за јавни набавки ги спроведува јавните набавки и го предлага најповолниот понудувач во согласност со законите и прописите за јавните набавки, како и во согласност со барањата и препораките на Бирото за јавни набавки.

Годишниот план за јавни набавки за 2018 година донесен е на 05.12.2017 година, заведен под број 02-1846/1-4/2 и содржи вкупно 29 предмети на договори за јавни набавки/рамковни спогодби, со вид на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас на ЕСЈН (24 постапки) и отворени постапки (5 постапки) од кои 27 се реализирани во текот на 2018 година.

## БЕЛЕШКА 28. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

По датумот на составување на извештајот за финансиската состојба во претпријатието не се случиле некои материјално значајни настани а кои треба да бидат обелоденети во оваа белешка. За целосно согледување на последователните настани се приложува бруто биланс заклучно со 28.02.2019 година.

За ЈП **Студенчица** Кичево
Директор

Урим Ахмеди

СТУДЕНЧИЦА
Кичево
Јавно претпријатие за водоснабдување

## Законска обврска за составување на Годишна сметка и годишен извештај за работењето, во согласност со одредбите од ЗТД

Во согласност со член 476, став 4 од Законот за трговски друштва Годишната сметка која ја изготвуваат претпријатијата вклучува Извештај за финансиската состојба и Извештај за добивка или загуба и Извештај за останата сеопфатна добивка и објаснувачки белешки.

Во согласност со член 352, член 384 и член 469 став 6 од Законот за трговски друштва Годишната сметка и финансискиот извештај кои се однесуваат за иста деловна година и кои се подготвени во согласност со одредбите на Законот и прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка, односно загуба на Претпријатието за деловната година.

Во согласност со член 23 од Законот за јавните претпријатија, директорот е должен да достави Извештај за работењето на претпријатието до Управниот одбор на Претпријатието, а во согласност со член 19 од Законот за јавните претпријатија, Управниот одбор на Претпријатието, покрај годишната сметка, е должен, по завршување на секоја деловна година да го усвои и Извештајот за работењето на Претпријатието.

Во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишната сметка, истата се состои од Извештај за финансиската состојба, Извештај за добивка или загуба и Извештај за останата сеопфатна добивка и објаснувачки белешки.

Разлики во начинот на презентирање на ставките во обрасците за Годишната сметка и ставките во финансиските извештаи подготвени според Правилникот за водење на сметководство не се појавуваат.

Годишната сметка на Претпријатието и Годишниот извештај за работењето се дадени во Додатоците 2 и 3.

Управниот одбор на Претпријатието го усвоил Годишниот извештај за работењето на ден 27.02.2019 година.

За ЈП **Студенчица** Кичево
Директор

Урим Ахмеди

СТУДЕНЧИЦА Кичево

## Годишна сметка

- **Извештај за финансиската состојба**
- **Извештај за добивка или загуба и Извештај за сеопфатна добивка**

- **Годишен извештај за работењето на претпријатието**